# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 март 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов - Ѕинго, Илјаз Халими и Љупчо Анушев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 90 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; дипломатски претставници на странски држави во Република Македонија.

Дами и господа, како што е познато, на 4 март оваа година, во одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и во одбрана на мирот и спокојството на граѓаните на Република Македонија, ги загубија своите животи припадниците на Армијата на Република Македонија капетанот Кирчо Димитриевски и војниците Теодор Стојановски и Дејан Јакимовски.

Сите граѓани на Република Македонија длабоко сочувствуваат со семејствата на загинатите и ги осудуваат безобзирните натрапници и сторители на овој подмолен и кукавички чин.

Споменот на загинатите војници ќе остане во трајно сеќавање на граѓаните на Република Македонија.

Ве повикувам со едноминутно молчење да им одадеме почит.

(Присутните во салата оддаваат почит со едноминутно молчење) Слава им.

Го молам претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски да му се обрати на Собранието на Република Македонија.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието и почитувани пратеници, господине претседателе на Владата на Република Македонија и останатите министри при Владата на Република Македонија, Ваши екселенции, почитувани граѓани, дами и господа.

Јас, би сакал уште еднаш да се приклучам кон оддавањето почит на загинатите војници кои ги дадоа своите животи во одбраната на нашиот територијален интегритет и суверенитет во функција на обезбедување на мир и спокојство на сите граѓани на Република Македонија и, се надевам, во историјата на нашата земја за секогаш ќе останат вткаени нивните имиња.

Во изминатите десет години Република Македонија трпеливо се бореше за воспоставување на својата меѓународна легитимација. Едновремено, преку конзистентна внатрешна и надворешна политика, се стекнува и со атрибут на фактор на стабилноста и мирот во регионот. Република Македонија знаеше да ја брани својата независност секогаш кога тоа беше неопходно. Ќе ве потсетам на проблемите на нашите граници, на блокадите и на терористичките напади. Знаевме да обезбедиме кохеренција со спроведувањето на нашата позната политика.

Почитувани пратеници, во текот на најтешките моменти на повеќемесечната косовска криза, која имаше потенцијал на експлозија на целиот регион, Република Македонија стана клучен фактор за спречување на прелевањето на конфликтот и хуманитарната криза која се закануваше да прерасне во катастрофа и да го запали целиот регион. Само пред 18 месеци Република Македонија ја подаде раката на љубов и гостопримство и понуди и овозможи згрижување на косовските бегалци. Во тие исклучително тешки моменти не само што несебично му помогнавме на косовското население, туку и по неговото враќање несебично ги ставивме на располагање нашите транспортни коридори и расположивата логистика за хуманитарно снабдување на населението на Косово.

Почитувани пратеници, верувавме дека со завршувањето на косовската криза

и потпишувањето на спогодбите, по усвојувањето на Резолуцијата 1244 на Обединетите нации и сите иницијативи кои потоа следеа, дека на Балканот нема да има повеќе војни и дека е дојдено времето за помирување, соработка и развој. Во таа насока и со таа цел ЕУ ги лансира Пактот за стабилност и Процесот за стабилизација и асоцијација. Се покрена огромна машинерија да му се помогне на Косово, како и на државите во регионот. Меѓународната заедница во практика почна да ја спроведува добро познатата вистина дека поевтино и поефикасно е превентивно да се инвестира во мир и развој, отколку во војна и санација. Исто така, јасно се искристализира сознанието дека Балканот е интегрален дел од Европа и дека политиката треба да биде соодветна на тие реалности. Во тој момент верувавме дека искрите кои се јавуваа во Јужна Србија се само последни обиди за инциденти, активирани како резултат на поранешните состојби во овој дел од регионот. Опстојувањето на Милошевиќ на политичката сцена влијаеше верувам многу, да не се земе сериозно во предвид постоењето на овие инциденти.

Но, и тој замина од политичката сцена. Беше тоа момент што сите со години го очекувавме. Македонија веднаш реагираше и презеде иницијатива во регионот.

Се одржа вонредниот Самит на процесот на соработка на земјите од Југоисточна Европа. На вонредниот Скопски Самит, лидерите на балканските држави покажаа она што треба да го покажат. Беше тоа сигнал од самите држави во регионот до меѓународната заедница дека се отворени и подготвени за секаков вид соработка, со цел да се создадат услови за траен мир и економски просперитет во регионот. Од Загребскиот Самит на лидерите од регионот и на ЕУ излеговме со уште пооптимистички визии за регионот, а со парафирањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација беше испратена уште една силна порака - нема веќе пречки за доближување на Република Македонија кон европското семејство.

Република Македонија ги интензивира стопанските реформи на што сме и денеска сведоци. Со ова се отвори пат за неопходните странски инвестиции. Сведоци сме на се поинтензивниот прилив на странски инвестиции, кои имаат мошне големо значење за економскиот просперитет на нашата земја.

И на билатерален план за кус временски период беа направени значајни чекори. Беа склучени повеќе билатерални спогодби од политички и економски карактер, со билатерално и регионално значење. Како посебно значајни во овој момент би ги истакнал Спогодбата за одбележување на граничната линија со СР Југославија, Спогодбата со Албанија за соработка во областа на образованието, науката и др.

На неодамнешниот редовен самит на Процесот, што се одржа во Скопје, отидовме сами во една нова димензија на нашите односи, која има нова визија за нас самите и ефект врз целиот регион - збогатување на соработката и на економски план, со цел наше забрзано доближување до структурите на Европската унија.

На овој самит, за жал, констатиравме, исто така, дека постојат загрижувачки закани за мирот и за нашите планови. Инцидентите и тероризмот во Јужна Србија, но и во Косово, наместо да стивнуваат, стануваа се посериозни. Од Самитот упативме сериозна заедничка порака - против тероризмот, против сништата и обидите за цртање етнички граници, против болните амбиции за градење на "големи етнички држави". Единствената опција за која се определивме беше опцијата за европски и транспарентни граници во регионот. На овој самит, сите ние, заедно го означивме почетокот на новата ера, за нас и за целиот европски континент. Република Македонија доби широка меѓународна афирмација за преземените активности и се афирмира и потврди како столб на стабилноста во регионот.

И, логично, се поставува прашањето дали е случајно што следеше атак врз нас и врз територијалниот интегритет на Македонија. Дестабилизирањето на Македонија ќе ја разниша новата клима и легитимните стремежи за мирен и просперитетен Балкан.

Почитувани пратеници, државите учеснички и меѓународната заедница јасно се произнесоа по ова прашање уште на Скопскиот Самит. Сите земји учеснички дури, отидоа дотаму што им се заканија на сите оние кои ја спроведуваат или ја поддржуваат таквата политика. Но, за жал, тоа не беше доволно. Некои сили продолжија со своите активности и се насочија кон поткопување на клучот на стабилноста на регионот - Република Македонија.

Почитувани пратеници, властите на Република Македонија во текот на изминатата недела имаа исклучително

динамична политичка активност насочена за мирно решавање на новонастанатата состојба. Вие, како и целата македонска јавност, последниве денови бевте информирани за содржината на активностите на политички план и за безбедносните мерки на нашата северна граница кон Косово. Загрозен е територијалниот интегритет на Република Македонија. Се со цел да се спречат силите на злото повторно да го дестабилизираат регионот, овој пат атакувајќи на Македонија, остваривме сериозни дијалози со сите меѓународни фактори. Имаме нивна целосна соработка и поддршка. Некојпат решенијата беа можеби недоволно појаснети или недоискажани на македонската јавност. Дури и ние самите во определени моменти бевме ставани пред сериозни предизвици како да реагираме. Но, едно мора да се нагласи. И ние и партнерите во меѓународната заедница бевме свесни за еден клучен момент - најважно од се е да не му се излезе во пресрет на обидот и очекувањето на непријателот за уривање на воспоставените добри меѓуетнички односи. Поле кое може многу лесно да се нападне и било напаѓано.

На ова место, во контекст на актуелната криза, станува збор за терористички атак врз територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Екстремистичките банди ги исчистија селата во кои се забарикадирани и настана провокацијата на која сме сведоци. Дадовме и жртви. Но да бидеме целосно јасни, со тероризмот и милитаризмот со елементи на расна и етничка омраза нема да се преговара. Тие треба и ќе бидат политички и воено поразени и избркани од територијата на Република Македонија. Секој во Македонија, во регионот и во меѓународната заедница треба да знае дека евентуалниот успех на тероризмот и етничкиот екстремизам е почеток на крајот на мирот и стабилноста во регионот. Дури тогаш, меѓуетничките односи во Република Македонија ќе бидат, навистина, ставени на испит. Ако се попушти пред тероризмот, тоа е смртен удар врз меѓуетничките односи. Милитантниот екстремизам удира директно во коренот на сите обиди за мирно решавање на споровите, на сите тенденции за политички и демократски дијалог. Насилството може за кратко време толеранцијата градена со години и со многу стрпливост да ја претвори во деструктивна омраза. Затоа, уверен сум дека во овој момент сите фактори во регионот, вклучувајќи ја и меѓународната заедница, треба да покажат висока свест и решителност во оневозможувањето на милитантниот екстремизам. Без тоа, нема да има место ни за децениските принципи на меѓународното право, ниту за политички дијалог, ниту за правичност, ниту за мирот. Оттука, победата над тероризмот и екстремизмот ги зацврстува меѓуетничките односи и стабилноста бидејќи ќе ги легитимира политичките платформи на албанските партии во Република Македонија кои јасно ги осудија позициите на етничкиот екстремизам.

Затоа, ве уверувам дека ќе знаеме да одговориме на провокациите на тероризмот и ќе успееме во тоа. Ниту една стапка од македонската територија нема да биде отстапена на екстремизмот и тероризмот. Сите дипломатски и политички напори одат во тој правец.

Во оваа смисла, јас како Претседател на Република Македонија и Врховен командант на Армијата, ги издадов сите потребни наредби во оваа смисла. Се вршат дневни консултации и ние постигнавме заедничка платформа на внатрешните политички фактори и меѓународната заедница. Ние имаме доволно сили и одлучност сами да се справиме со тероризмот и провокациите, но ја поздравуваме поддршката што ни ја даваат соседите.

Овде сакам посебно да им оддадам почит и признание на припадниците на Армијата и на Министерството за внатрешни работи за нивниот восоко патриотски и професионален однос во справувањето со добро вооружени бандиски групи.

Исто така, сакам да искористам прилика да се заблагодарам на сите држави соседи: на Република Грција, Албанија, Југославија, Бугарија, Турција и поширокото соседство кое, несомнено, ни издадоа силна, јасна поддршка во борбата на она што значи рушење на стабилноста и безбедноста на нашата држава, она што значи денеска феномен, а тоа е присуството на екстремизмот и тероризмот на просторите на Југоисточна Европа.

Почитувани пратеници, дами и господа, овде и пред целата македонска јавност, сакам да истакнам, дека кога нашата држава се најде пред мошне сериозна безбедносна закана, лидерите на партиите кои имаат пратеници во Собранието, се разбира и оние кои се надвор од Собранието и другите политички структури, покажаа единство во определбата за преземање на соодветни

активности за зачувување на територијалниот интегритет на Република Македонија и на безбедноста на граѓаните што живеат во подрачјето во пограничниот регион со Сојузна Република Југославија на делот со Косово во кој нелегално престојуваа вооружена екстремна група. Сите политички структури во Република Македонија ги осудија овие вооружени групи. Ја користам оваа прилика да ги повикам на единство и во однос на една од најважните правни основи на одбраната на земјата сите политички партии во Парламентот во однос на носењето на Законот за одбрана.

Исто така, на средбата и на бројните консулатации што ги имав со претставниците на политичките партии, беше констатирано дека е неопходно државните органи најитно да преземат дополнителни дипломатски и политички активности кон ООН, НАТО и другите релевантни меѓународни фактори, за да се обезбеди соодветен воен ангажман на КФОР од југословенската страна на границата, на делот од Косово. На овие средби уште еднаш беше истакнато дека еден од факторите кои имаат значителен придонес во безбедноста на Република Македонија се добрите односи, присуството и приближувањето на нашата држава кон Северно-атлантската организација.

Почитувани пратеници, состојбите на Косово имаат клучно значење за мирот, стабилноста и просперитетот на целиот регион. Новото раководство во Белград не само што покажа подготвеност за нов приод во решавање на отворените прашања, вклучително и за Косово, туку покажа и мудрост да ги решава и новосоздадените проблеми - во Јужна Србија, која е во нашето непосредно соседство. Тој приод со респект и поздравување го прифати и меѓународната заедница.

Веќе 2-3 недели сме сведоци и на обид за прелевање на нестабилност од Косово кон Македонија. Кога велам од Косово, не мислам и сакам да потенцирам на целокупното население на Косово, не мислам конкретно на албанското население, бидејќи тоа е пријателско население кон нас, но зборувам само за определени екстремни сили на Косово. Доколку албанското население на Косово сакаше да ја дестабилизира Македонија, тоа можеше веројатно многу полесно да го направи за време на бегалската криза кога нивниот број во нашата држава се искачи и до 350.000.

Состојбата на Косово и денеска е сложена и верувам дека ќе треба многу време таа да се нормализира. Статусот и управувањето со Косово е дефинирано со - Резолуцијата на Обединетите нации 1244. Јасно е укажано кој и за што е надлежен и какви се обврските на меѓународните фактори вклучени во оваа сложена операција. Да потсетам само на неколку обврски кои произлегуваат од спомнатата резолуција, а тоа е чување на границата кон Албанија и Македонија, зачувување на територијалниот интегритет на соседните држави, неповредливост на границите и не проширување на нестабилноста.

Од тие причини јасно е зошто во изминатиот период, не само во контекст на актуелните настани, туку и многу порано од КФОР континуирано баравме да си ги извршува своите обврски и да ја обезбедува границата од косовска страна.

За жал, од причини за нас тешко прифатливи, обврската не е исполнета. Македонските безбедносни сили беа оставени сами да се справуваат со чувањето на границата, додека од другата страна постоеше отворен простор за дејствија на вооружени екстремни сили кон нашата граница и територија.

Последните настани во граничниот појас на Република Македонија, особено во делот околу Танушевци, најјасно го демонстрираат ова. Ние сме свесни за сложеноста на задачата на КФОР на Косово во целина и во делот кон македонската граница и тоа ние го разбираме. Но, едновремено очекуваме разбирање од нивна страна за нашите укажувања границата и граничниот појас да не бидат искористени за провокации и дестабилизација на Република Македонија. По нашите упорни и силни укажувања, на последните средби со високите претставници на политичкиот сегмент на НАТО и неговите земји членки, како и со претставници на КФОР, се забележува прогрес во нашите односи. Веќе имаме и конкретни резултати и на овој план.

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија презеде и дополнителни чекори. Побаравме одржување итна седница на Советот за безбедност на ООН, на која непосредно ќе ги запознаеме со актуелните состојби, ќе предложиме план на конкретни мерки за долгорочна стабилизација на состојбите на границата со СР Југославија, во делот со Косово. Во иста насока оваа недела ќе се одржи состанок во НАТО во формат 1+19. Очекуваме конкретни резултати на тој план.

Почитувани пратеници, на Скопскиот Самит на државите од југоисточна Европа застапени во Процесот за соработка - Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Грција, Хрватска, Македонија, Романија, Југославија и Турција, едногласно се договоривме да придонесуваме за остварување на заедничките заложби за градење на мир, стабилност и прогрес во нашите држави и во регионот во целина. Се определивме за натамошното јакнење на добрососедските односи, безбедноста и демократијата во овој дел на Европа.

Ги реафирмиравме нашите определби базирани на Повелбата на ООН, Хелсиншкиот финален акт, вклучително и десетте принципи содржани во нив.

Ги поддржавме напорите на меѓународната заедница во остварување на нејзината мисија во Косово и целосно почитување на резолуција на ОН 1244. Остро ја осудивме употребата на сила, тероризмот и екстремизмот и секој чин кој го отежнува заедничкиот живот на сите заедници.

Добивме силна поддршка од Европската унија за нашите искажани заложби и постигнати резултати.

Почитувани пратеници, несомнено, после релативно кус период на оптимизам за долготраен мир и стабилност во регионот, повторно почнаа да провејуваат сомнежи дали е направено се, дали акциите соодветствуваат на искажаната волја и подготвеност Балканот да се трансформира во регион на стабилност и просперитет.

Во овој момент оваа дилема останува присутна.

Се надеваме дека наскоро ќе бидеме во позиција да констатираме дека овие дилеми се само моментни и дека ретроградните сили немаат капацитет и поддршка да ја попречат волјата и стремежите на измачените народи на Балканот да живеат во мир, просперитет и обединета Европа.

Многу или, поточно, најмногу тоа зависи од нас самите, од сите нас, без разлика на нашата верска, политичка или етничка припадност. Секако, не би сакал во овој момент да ја намалам улогата и на факторите на меѓународната заедница. И нивната улога тука е јасна. Ниту ние, ниту меѓународната заедница, не смееме да дозволиме да бидеме заложници на група екстремисти, терористи или авантуристи од каква било идеолошка, лукративна или национална провиниенција. Решително треба да се справуваме со нив.

Ако овие екстремистички и деструктивни трендови продолжат, напорите на меѓународната заедница за создавање на мултиетнички општества во секој случај ќе бидат загрозени. Ако итно не се идентификуваат, изолираат и казнат силите кои прават пречки, ни престои нов бран на турбуленции и насилства во регионот.

Би сакал да укажам на опасностите или на она кое беше резултат во минатото и од една Босна и Херцеговина и она кое се случуваше на Косово со една таква намера или поткрепа на било која политичка провиниенција, за таквите не е далеку ни Хаг. Ако овие екстремистички деструктивни трендови продолжат, тоа значи и опасност за нас.

Нашите искуства покажуваат дека на меѓународната заедница и треба време да ги идентификува тие ретроградни процеси, кои се засновани на остатоците на идеите за големи и етнички чисти држави. Затоа проценуваме дека треба да се преземат итни мерки да се застане на патот на оние кои го загрозуваат процесот на мир, толеранција, обнова и развој. Во тој контекст би сакал да нагласам дека треба да се осудат оние кои на било кој начин го оспоруваат или пак го проблематизираат договорот за одбележување на границата меѓу Република Македонија и СР Југославија. Меѓународната заедница треба од своја страна да преземе активности со цел за трајна стабилност на границата со Југославија на делот со Косово. За постигнување на оваа цел Владата во својот акционен план побара од меѓународната заедница да воспостави безбедносна зона од другата страна на границата со СР Југославија, во делот на Косово каде што ќе бидат ангажирани посебни сили на КФОР со јасна цел да се прекинат каналите на дотур, складирање и шверц на оружје во таа зона. На тој начин ќе се спречи секаква можност да се инфилтрираат вооружени групи кои ќе го нарушуваат мирот на граѓаните во Република Македонија и Косово, како и на обидите за загрозување на безбедноста на нашата држава.

Почитувани пратеници, вооружените бандитски групи атакуваат на нашиот заеднички мир на сите нас. Граѓаните на Република Македонија тоа добро го знаат и умеат да го препознаат. Тие имаат долго историско паметење за заедничкиот живот - во добри и во лоши времиња. Тие сакаат мир за своите деца и поубава иднина. Сакаат мир. Јас сум навистина погоден од една мајка - морам тоа да го истакнам, во текот на вчерашната средба на државниот

врв, потпретседателот на Владата на Република Македонија, господинот Бедредин Ибраими ги искажа симпатиите и чувството на жал на неговата мајка кон загинатите војници. Кога ние така ќе размислуваме, тогаш сите ние можеме да се спротивставиме на она што значи рушење на нашиот мир и нашиот спокој. Затоа реков, заедничкиот живот во добри и лоши времиња, тие сакаат, мир за своите деца и поубава иднина, сакаат да ја негуваат својата култура и традиција, но и да патуваат и да запознаваат и други народи. И затоа сите ние се стремиме достоинствено да влеземе во европското семејство - каде што ни е впрочем и местото. А тоа можеме да го постигнеме само ако се однесуваме во духот на демократски и цивилизирани општества. Затоа од оваа говорница ги повикувам сите македонски граѓани, на Република Македонија независно од етничкото потекло, дали било тоа Македонец, Албанец, Србин, Влав, Ром, било кој на овие простори кој живее сега и во иднина одлучно да се спротивстават на сите обиди да не забават на тој пат.

И сега повикувам на конструктивност од сите политички партии на нивно максимално делување на теренот со цел да не создаваат тензии или сомнеж во способноста на државата да го прави она што треба да го прави. Јас како Претседател на Република Македонија повикувам на заедништво во штитењето на се она што значи стабилност на државата и спокојство на секој наш дом и спокој на нашите деца. Од ова место сакам да ги уверам сите граѓани на Република Македонија воопшто да не се сомневаат во нашата решеност и готовност да употребиме се со што располагаме да си го одбраниме суверенитетот, територијалниот интегритет на државата. Безбедносната сила е во функција на заштита на територијалниот интегритет и заштита на граѓаните на Република Македонија. Ги повикувам граѓаните од некои погранични подрачја, кои од страв или од закани ги напуштиле своите домови да им се вратат и да не подлегнуваат на обидите за шпекулации и да одбегнат да влезат во сценаријата на медиумски пропаганди.

Сега би сакал да им се обратам на нашите сограѓани. Во овој момент е особено значајно да покажеме единство и да упатиме порака дека Македонија е граѓанско општество, определена за толеранција и соживот. Ние покажавме дека знаеме во кој правец треба да се движиме во негувањето на вековната традиционална толеранција во меѓуетничките односи и во развојот на демократијата, почитувањето на човековите права и транзицијата кон пазарна економија. Денеска, кога веќе почнавме да ги собираме плодовите на оваа наша визија, не смееме да дозволиме да го напуштиме нашиот визионерски пат. Нашето вековно историско искуство и колективно паметење не учи дека Република Македонија треба да ја градиме заеднички. И така да направиме. Сега, кога територијалниот интегритет на нашата држава е загрозен, ние треба да го браниме повторно заеднички, бидејќи Македонија е наш заеднички дом.

Благодарам. (Аплауз во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на Претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,05 часот).